СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈНА ОПШТИНА БОСИЛОВО

2022-2027

Јули 2022

Изготвувач на документот:

- Општина Босилово, Одделение за ЛЕР

Градоначалник на Општина Босилово

- Ристо Манчев

Корисници:

- Жителите на Општина Босилово
- Локални и државни инстируции
- Бизнис заедница

Координатор на локален тим за спроведување на процесот и изготвување на документот:

- Ване Димитриев – Раководител на одделение за ЛЕР, Општина Босилово

Локален тим за спроведување на процесот и изготвување на документот

Дејана Пеневска - општина Босилово

Јасна Василева – општина Босилово

Содржина

РЕЗИМЕ 5

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛЕР 6

1.Основни податоци за општина Босилово 9

2.СТОПАНСТВО 17

3,ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО 20

4.СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ 23

5.SWOT анализа 26

6.Стратешки цели за 2022-2027 година 31

Почитувани,

Општина Босилово, се посвети на креирање на документ за локален економски развој. Во процесот на креирање на Стратегијата ги вклучивме претставниците на локалната самоуправа, бизнис секторот, јавните претпријатија, граѓанските здруженија, месните заедници и граѓаните.

Ова е процес во кој ги утврдивме потребите на граѓаните и институциите од една страна и капацитетите за реализација од друга страна.

Им благодарам на сите кои се вклучија во процесот на креирање на овој документ, кој ќе биде водилка за локален економски развој во наредните 5 години.

Градоначалник на општина

Босилово, Ристо Манчев

РЕЗИМЕ

Стратегијата за локален економски развој на Општина Босилово е изработена со учество на сите засегнати страни во областите на делување на стратегијата: инфраструктурата, економски развој, развој на туризмот и земјоделството. Стратешкото планирање е процес за креирање на визија, и план за остварување на посакуваната иднина и претставува алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ. Стратегијата за Локален економски развој на Општина Босилово е подготвена за периодот 2022 - 2027 година. Во подготовката на планот беа вклучени претставници од локалната самоуправа, бизнис секторот, граѓански организации, јавни претпријатија, образовни институции, претставници на месни заедници, граѓани и други, кои секој од своја страна помогнаа за развивање на овој стратешки документ.

Визијата на Општина Босилово е:

- Босилово е општина која нуди еднакви можности за просперитет на своите граѓани, со развиено земјоделие, функционална инфраструктура и општина со еколошки чиста животна средина.

Мисијата на Општина Босилово е:

Општина Босилово ќе ја оствари својата визија за локален економски развој преку

- Развој на земјоделството и услужните дејности
- Обнова и санација на дотраената патна инфраструктура
- Развој на комуналната инфраструктура во населените места и индустриските зони;
- Подобар квалитет на социјалните услуги – градинки, здравствени установи, културни установи, старечки домови и сл.

Вредности:

- Посветеност и тимска работа
- Ефикасност и квалитет
- Транспарентност, отчетност и доверба
- Ориентираност кон граѓаните

Тимот за изработка на Стратегијата за локален економски развој на Општина Босилово издвои четири стратешки цели и дефинираше сет на активности неопходни за остварување на поставените цели и тоа:

- Развивање и осовременување на инфраструктурата во општина Босилово
- Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во регионот
- Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја
- Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Методологијата за изработка на локален економски развој на Општина Босилово е подготвена со учество на сите засегнати страни и тоа од претставници од јавниот сектор, бизнис секторот, граѓански организации, месни заедници, и образовни институции.

Основите на стратешкиот документ беа поставени на повеќе работни средби, со реализација на прашалници а беше доработен во консултација на целиот тим за изработка.

Подготовката на стратешкиот план ги содржеше следните чекори:

- Дефинирање визија, и заеднички вредности на Општина Босилово;
- Анализа на опкружувањето;
- SWOT Анализа;
- Дефинирање на приоритетни области;
- Дефинирање на стратешките цели;

Лична карта на Општина Босилово

Симболи на општината:	**Општи податоци:**
Грб и знаме 	**Седиште:** Босилово **Површина:** 150 км2 **Градоначалник:** Ристо Манчев **Совет на општината:** 15 членови **Контакт податоци:** **Адреса:** с.Босилово бб **Емаил:** opstinabosilovo1@gmail.com **Телефон: 034 371 600**
Локација на општината:  	**Демографија:** **Попис 2021 година:** **Население: 11.508** **Домаќинства: 3801** **Станови: 5760**

Карта на општината:	16 населени места: Босилово, Бориево, Еднокуќево, Робово, Турново, Секирник, Радово, Иловица, Штука, Дрвош, Старо Балдовци, Хамзали, Сарај, Гечерлија, Моноспитово и Петралинци.

1. Основни податоци за Општина Босилово

1.1. Географски карактеристики

Територијата на општина Босилово се простира на крајниот југоисток од Република Македонија и со еден дел го зазема средишниот дел на Струмичкото Поле, додека со другиот дел се издига до сртот на планината Огражден. Општина Босилово се простира на површина од 150 км^2 и се наоѓа на надморска височина од 250 метри. Таа граничи со соседните општини: Берово, Струмица, Василево и Ново Село.

Општината има мошне добра географска положба. Се наоѓа на само 7 км од најголемиот урбан центар во регионот, градот Струмица, со кој е поврзана со магистралниот пат А-4 кој воедно ја поврзува Општината и со граничниот премин со Република Бугарија.

Преку Општината води и регионалниот пат кон Берово, кој поминува низ планините Огражден и Малешевските Планини, преку кој се заокружува источната кружна патна магистрала.

1.2 Природни ресурси

Според богатството со природни реусрси, наоѓалишта на метали во општината сé уште не се познати, но затоа пак има рудник за неметали. Рудникот за експлоатација на фелдспад – Огражден е од натриски карактер и е единствен во Република Македонија, но и на Блканот.

Петрографските албитски рудни тела се карактеризираат со бела боја, масивна текстура и варијабилна структура. Во однос на минеролошкиот состав тие содржат 89-94% албит, 4-8% кварц, 0,5%серицит, како и мали остатоци на рутил, титанит и алкритал.

Слика бр. 1 Рудник за неметали на планината Огражден

Други значајни природни ресурси во Општината се и шумите кои се застапени на површина од 4.996 хектари и пасиштата кои се застапени на површина од 2.086 хектари. Тие во голема мера овозможуваат развој на сточарството.

Интересен природен ресурс во општината е и познатото Моноспитовско Блато кое се наоѓа во непосредна близина на населеното место Моноспитово. Моноспитовското Блато влегува во групата на заштитени подрачја како споменик на природата. Изобилува со богат растителен и животински свет овозможувајќи реализација на голем број на проекти од областа на заштитата на животната средина и развој на еко-туризмот.

1.3. Хидролошки карактеристики

Хидрографската мрежа во општина Босилово е доста богато испреплетена со повеќе реки, потоци, вештачка акумулација и сл. Главен реципиент во Општината, со регулирано речно корито, е реката Струмица, којашто во Општината се протега во должина од 9,5 км. Лева притока на реката Струмица е реката Турија, со должина на речното корито во Општината од 7 км. Десна притока на реката Струмица е Моноспитовскиот канал со 14 км речно корито, кое е регулирано во должина сé до Моноспитовското Блато. Во реката Турија се влева и помал речен канал – Петралички Азмак и Иловичка Река, во должина од 9,8 км., која истекува од браната, односно вештачката акумулација Иловица. Во реката Струмица се влева и Штучка Река, која извира од падините на планината Огражден, со должина на коритото од 4 км.

На територијата на општина Босилово се наоѓа и вештачката акумулација Иловица врз основа на која постои и регионален водовод за водоснабдување на локалното население како и за наводнување на земјоделските површини. Се наоѓа на падините на планината Огражден со проектирана зафатнина од 420.000 м^3 вода.

На падините на планината Огражден во непосредна близина на населеното место Дрвош се наоѓа вештачката акумулација „Чаушица„ која се користи за наводнување на земјоделски површини во атарите на селата Дрвош и Хамзали.

Акумулација Чаушица **-** Браната „Чаушица„ се наоѓа на надморска висина од 410 метри има висина од 18 метри и формира акумулационен простор со вкупен волумен од 140.000 м^3 и корисен волумен од 135.000 м^3 со што се создаваат услови за обезбедување на вода за наводнување на вкупно 227 ха. плодни земјоделски површини.

Според расположливите дотечни води и врнежите што паѓаат на тој простор се содаваат вкупно расположливи води за наводнување од 330.000 м^3 на годишно ниво.

Во Општината, во која земјоделството е најзастапена стопанска гранка, за нивно наводнување се користат водите од хидро мелиоративниот систем Турија. Оваа акумулација е најголема во струмичкиот регион со површина од 1,8 км^2 и зафатнина на вода од околу 50.000.000 м^3. Вкупното обработливо земјиште изнесува 7.054 хектари. Системот егзистира повеќе од 35 години, но се јавува проблем околу неговото одржување за кое е задолжено ВП ,,Струмички поле,, - Струмица.

Вкупната должина на каналската мрежа за наводнување во општина Босилово изнесува околу 100 километри.

1.4 Население

Општина	**Вкупно резидентно население**	**Домаќинства**	**Станови**
Босилово	**11 508**	**3 801**	**5 760**

Општина	Вкупно попишани			**Вкупно резидентно население**			Вкупно нерезидентно неселение		
	Вкупно	Мажи	Жени	**Вкупно**	**Мажи**	**Жени**	Вкупно	Мажи	Жени
Босилово	12 832	6 591	6 241	**11 508**	**5 857**	**5 651**	1 324	734	590
Македонци	11 055	5 689	5 366	**9 762**	**4 971**	**4 791**	1 293	718	575
Албанци	10	2	8	**7**	**-**	**7**	3	2	1
Турци	694	352	342	**677**	**343**	**334**	17	9	8
Роми	16	10	6	**16**	**10**	**6**	-	-	-
Власи	-	-	-	**-**	**-**	**-**	-	-	-
Срби	6	2	4	**6**	**2**	**4**	-	-	-
Бошњаци	1	1	-	**-**	**-**	**-**	1	1	-
Други неспомнати	23	11	12	**15**	**9**	**6**	8	2	6
Не се изјасниле	-	-	-	**-**	**-**	**-**	-	-	-
Непознато	2	2	-	**-**	**-**	**-**	2	2	-
Лица за кои податоците се преземени од административни извори	1 025	522	503	**1 025**	**522**	**503**	-	-	-

Општина	Вкупно попишани			**Вкупно резидентно население**			Вкупно нерезидентно неселение		
	Вкупно	Мажи	Жени	**Вкупно**	**Мажи**	**Жени**	Вкупно	Мажи	Жени
Босилово	100,00	100,00	100,00	**100,00**	**100,00**	**100,00**	100,00	100,00	100,00
Македонци	86,15	86,31	85,98	**84,83**	**84,87**	**84,78**	97,66	97,82	97,46
Албанци	0,08	0,03	0,13	**0,06**	**0,00**	**0,12**	0,23	0,27	0,17
Турци	5,41	5,34	5,48	**5,88**	**5,86**	**5,91**	1,28	1,23	1,36
Роми	0,12	0,15	0,10	**0,14**	**0,17**	**0,11**	0,00	0,00	0,00
Власи	0,00	0,00	0,00	**0,00**	**0,00**	**0,00**	0,00	0,00	0,00
Срби	0,05	0,03	0,06	**0,05**	**0,03**	**0,07**	0,00	0,00	0,00
Бошњаци	0,01	0,02	0,00	**0,00**	**0,00**	**0,00**	0,08	0,14	0,00
Други неспомнати	0,18	0,17	0,19	**0,13**	**0,15**	**0,11**	0,60	0,27	1,02
Не се изјасниле	0,00	0,00	0,00	**0,00**	**0,00**	**0,00**	0,00	0,00	0,00
Непознато	0,02	0,03	0,00	**0,00**	**0,00**	**0,00**	0,15	0,27	0,00
Број/лица од административни извори	7,99	7,92	8,06	**8,91**	**8,91**	**8,90**	0,00	0,00	0,00

1.5 Урбанистичко и просторно планирање

Постојната урбанистичка документација за општина Босилово, не ги задоволува стандардите, бидејќи е доста застарена, па поради тоа неопходно е истата да биде заменета со нова во насока на подобро планирање на развојот на Општината и максимално искористување на нејзините просторни можности.

Во моментов, Општината располага со следнава нова урбанистичка документација:

- Хамзали (Урбанистички план вон населено место)
- Робово (Урбанистички план за дел од с. Робово, измена и дополнување со зона за стопанство).

Условите за градба, односно одобренијата за градење се издаваат врз основа на горенаведената урбанистичка документација, во согласност со Законот за градење.

Постојат големи неизградени градежни површини кои се наоѓаат во градежните опфати на населените места, а кои не се во сопственост на Општината што во голема мера влијае на можностите за креирање на нејзиниот локален економски развој, преку нивна продажба на потенцијални домашни и странски инвеститори.

1.6 Локална инфраструктура

Во поглед на инфраструктурното уредување на Општината, значајно е да се издвои сообраќајната поврзаност, односно локалната, регионалната и магистралната патна мрежа, водоснабдувањето, односно изградените водоводни дистрибутивни мрежи, постојната вештачка акумулација, изработени проекти за фекална канализација како и електро-телекомуникациската мрежа.

Низ централниот дел на општина Босилово поминува магистралниот пат А4 кој води од Струмица кон граничниот премин со Република Бугарија и претставува значајна сообраќајна трансферзала за целиот регион. Вкупната должина на овој патен правец во Општината изнесува 12 км.

Низ општина Босилово поминува и регионалниот пат Струмица - Берово, преку планината Огражден. Тој овозможува регионална поврзаност со останатите општини во истичниот дел на Република Македонија. Вкупната должина на патниот правец што поминува низ Општината изнесува 20 км.

Во поглед на локалната патна мрежа, постојат асфалтирани патни правци кон сите населени места во Општината.

Во однос на водоснабдувањето во општината постои регионален водовод „Иловица" од најсовремен тип каде претходно водата се обработува со озонатор во филтер станицата.

Со овој водовод се врши водоснабдување на девет населени места и тоа: Иловица, Штука, Радово, Секирник,Бориево, Босилово, Робово, Еднокуќево и Турново.

Слика бр. 2: Филтер станица - регионален водовод “Иловица”

Со регионалниот водовод стопанисува ЈПКД „Огражден”– Босилово.

За функционирање на овој водовод се користи водата од вештачката акумулација „Иловица”, која се наоѓа на падините на планината Огражден, во непосредна близина на филтер станицата. Оваа акумулација зафаќа површина од 0,5 км^2 и е со вкупна зафатнина на вода од 420.000 м^3. Водата од неа се користи и за наводнување на 90 хектари обработливо земјоделско земјиште во атарите на населените места Иловица и Штука.

Населените места Дрвош и Моноспитово имаат локални (месни) водоводи, изградени во минатото кои ги одржува ЈПКД „Огражден„Босилово.

Но, тие се соочуваат со проблеми во поглед на недостиг на вода, особено во летниот период како има проблеми поврзани со квалитетот на водата. За населеното место Моноспитово е изградена сосема нова водоводна мрежа и проблемот со водоснабдувањето со тоа е решен во целост за локалните жители. За населеното место Дрвош е изграден нов бушен бунар со пумпна станица кој има доволно количини на вода за задоволување на потребите на локалното население. Останува да се изгради доводен цевковод и далновод со трафостаница за електрично напојување на пумпната станица.

Во територијата на општина Босилово, не постои фекална канализација за прифаќање на домашните отпадни води. Иако постојат изработени изведбено-технички проекти за изградба на фекални канализациони мрежи за повеќе села - сепак не се реализирани.

Во поглед на електро-телекомуникациската мрежа, сите населени места се покриени со електрична енергија со задоволителен напон, а постојната телекомуникациска мрежа е навистина на високо ниво.

1.7 Здравство

Во општина Босилово примарната здравствената заштита е организирана преку амбуланти, стоматолошки ординации и ветеринарни станици.

Амбуланти за примарна здравствена заштита (во кои работат лекар и медицинска сестра) постојат вкупно 4 и тоа во населените места: Босилово - 1, Турново - 1, , Иловица - 1 и Моноспитово - 1.

Сл. бр.3: Амбуланта во Босилово

Стоматолошки ординации постојат вкупно 4 и тоа во населените места: Босилово - 2, Турново - 1 и Моноспитово - 1.

Бидејќи во Општината има доста голем број на домашни животни, развиена е и ветеринарната заштита преку ветринарните амбуланти во Босилово и Турново.

Во Општината не постојат специјалистички амбуланти, ниту пак, биохемиска лабораторија.

Горенаведените здравствени амбуланти ги задоволуваат потребите на граѓаните за примарната здравствена заштита, додека за другите здравствени услуги се користи Медицинскиот центар во Струмица.

1.8. Образование

На територијата на општина Босилово воспитно-образовниот процес се реализира преку три основни училишта во населените места Босилово, Моноспитово и Иловица, кон кои гравитираат и подрачните училишта што постојат во сите други населени места во општината.

Овие образовни институции овозможуваат добивање на знаења, изградба на личноста и оформување на младите генерации за нивно успешно вклучување во сите текови на современиот општествен живот.

Во учебната 2021/2022 година во ОУ „Гоце Делчев” – Босилово и седумте подрачни училишта во општина Босилово запишани се вкупно 346 ученици од 1 до 9 одделение.

Во ОУ “Кирил и Методиј” – Иловица во учебната 2021/2022 година се запишани вкупно 377 ученици. Во основно училиште се изведува настава и на турски јазик за учениците од турска националност.

Слика бр. 4: Зграда на училиштето во Иловица

Во ООУ „Борис Трајковски„ –Моноспитово во учебната 2021/2022 година се запишани вкупно 151 ученици.

Во однос на квалитетот на училишните објекти, можеме да истакнеме дека речиси сите училишни згради се нови или целосно реконструирани и даваат сосема солидни услови како за престој на учениците така и за изведување на квалитетна настава.

1.9 Климатски карактеристики

Поради специфичната географска положба, општина Босилово ја карактеризираат две зонални клими. Субмедитеранска, со поголемо или помало вкрстосување со источно-континентална клима, чијашто испреплетеност на регионот му даваат посебен белег – долги топли лета со високи среднодневни температури и намалено годишно количество врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови од сите правци.

Карактеристични за општина Босилово се северозападниот и југозападниот ветар, а поретко северниот и јужниот топол ветар.

Во однос на сончевата топлина, Општината се карактеризира со долг период на сончеви денови во текот на годината и со висок светлосен интензитет, (има околу 230

сончеви денови во текот на годината). Сончевиот сјај просечно трае околу 2.377 часа годишно. Магла во просек има најмногу 30 дена во годината.

Поради субмедитеранските влијанија и влијанието на континенталната клима, климатските услови во Општината се карактеризираат со намалено количество на врнежи и намалена зимска температура. Дневната температурата во зимскиот период најниско се спушта и под третиот Целзиусов степен, а во летниот период таа достигнува и над 40° C. Во однос на врнежите на годишно ниво тие варираат од 330 $мм^3$ на $м^2$ до 884 $мм^3$ на $м^2$.

1.10 Релјеф

Општина Босилово има живописна релјефна структура и е подрачје со плодна рамница која се простира до подножјето на планината Огражден. Дното на таа рамница, на која се распростираат обработливите земјоделски површини, е составено од алувијални и плодни почви со подземни води, а околните тераси се од полесни и посуви почви.

Единствено населените места Иловица, Штука, Хамзали и Дрвош, кои се наоѓаат на надморска височина преку 300 метри, имаат ридско-планински карактеристики поради нивната распространетост на падините на планината Огражден. Според тоа, можеме да заклучиме дека во Општината постојат три релјефни форми: рамничарски (низински), ритчест и планински.

Највисокиот врв на планината Огражден кој изнесува 1744 метри, односно нејзиниот венец претставува воедно и природна граница со општина Берово. Падините на планината Огражден изобилуваат со голем број на долини и преслапи, низ кои се спуштаат повеќе планински реки и потоци.

Слика бр. 5: Планината Огражден

2. СТОПАНСТВО

Поради поволната географска положба, природните ресурси, културата и традицијата, главни стопански дејности во општина Босилово се:

- полјоделство, од кое најзастапено е градинарското и лозаро-овоштарското производство;
- сточарство, преку одгледување на жива стока во домашни услови;
- производство на јајца, млади пилиња, млеко и млечни производи;
- дрвно-преработувачката дејност;
- градежништво и ископ на руда (неметали);
- услужни дејности и сл.

Главни стопански субјекти во општина Босилово се:

- **АД „Оранжерии" - Хамзали** - е акционерско друштво чија претежна дејност е производство на ранаградинарски култури: разни сорти на домати, краставици, блага пиперка, лута пиперка, зелка, компир, жито и др.

Произлезено е од трансформацијата и делбата на АДМС ЗИК Струмица - Струмица и е еден од неговите правни наследници. Производството се одвива под стакленици и на отворени површини, кои се наоѓаат на подножјето на планината Огражден. Вкупните површини под насад изнесуваат 48 хектари од кои под стакленици се 18 хектари, а отворените површини се 30 хектари.

Во АД „Оранжерии„ с. Хамзали има вработено вкупно 136 вработени на неопределено време и 30 вработени на определено работно време.

Сл. бр. 6 Оранжерии – Хамзали

- **АД „Агролозар” - Хамзали** - е земјоделски субјект, специјализиран за производство на грозје и праски. Вкупната површина под лозаро-овоштарски насади изнесува околу 600 хектари, од кои 550 хектари се покриени со лозови насади, а 50 хектари со насади од овошје додека со ратарски и градинарски култури има вкупно околу 400 хектари. И овие површини се наоѓаат на подножјето на планината Огражден. Од видовите на грозје, најмногу се застапени винските сорти - шпалир и одрина. А.Д „Агролозар„ го произведува најдоброто грозје во источна и југо-источна Европа. Тука се вбројува сортата Викторија која е направена од страна на Институтот за Хортикултурални истражувања во Романија,. Сортата брзо се раширила во Романија, а после успешните обиди на адаптација, прифатена е од многу виногради во цела Европа. Викторија е произведена во чисто и еколошко опкружување и е одраз на нашата идилична клима.

А.Д. „Агролозар„ произведува голема количина на висококвалитетни праски. Како составен дел на оваа акционерско друштво постои и модерна винарска визба која произведува квалитетни и брендирани сорти на вина.

Слика бр. 7: Винарија „Далвина„ - Хамзали

- **ППС „Економија” – Бориево** – е специјализирана фарма за одгледување на млади пилиња и производство на јајца. Вкупниот број на единки изнесува 23.000 пилиња и кокошки.

- **АД за неметали „Огражден” - Струмица** – е стопански субјект од областа на рударството, со рудник на планината Огражден, односно на територијата на

општина Босилово. Седиштето на субјектот е во градот Струмица. Од овој рудник се врши ископ и дробење со сепарирање на фелдспат .

Според сите геолошки критериуми фелдспатната руда претставува своевиден уникат, и како таква е една од ретките на балканските простори и пошироко.Целокупната технологија за експлотација претставена преку процесите на: дупчење, минирање, утовар, транспорт, дробење и сепарирање се врши целосно од страна на машинскиот парк на фирмата.Контрола на квалитетот во сите фази на експлотација на фелтспатот, резултира со печат на потврден производ согласно ISO 9001:2000 селективно според барањата на купувачите. Употребата на фелдспатната руда во различни фази на припрема е насочена кон керамичката, порцеланската и стаклената индустрија.

Површината на рудникот изнесува 4,22 км^2, со 5 вработени. Дневниот капацитет на рудникот изнесува 100 тони руда, додека годишната продукција изнесува 26.000 тони руда.

- **ДПУТ „Вистони – ЖП„ – Босилово**

ДПТУ „ВИСТОНИ-ЖП„ дооел с.Босилово е регистрирано како деловен субјект кое се занимава со обработка на дрво и производи од дрво уште од почетокот на 2005 година.

Погонот за обработка на дрво и производство на производи од дрво се наоѓа во с. Босилово.

ДПУТ „ВИСТОНИ-ЖП„ дооел увоз-извоз с. Босилово – во рамките на својата дејност врши обработка на дрво за добивање на следните производи:

- дрвени гајби како амбалажа за земјоделски производи во повеќе димензии/големини
- дрвени палети за транспорт на амбалажирани производи
- пелети како енергенс за загревање/топлинска енергија

Претпријатието се јавува како главен снабдувач со амбалажа за секакви земјоделски производи на сите откупно-дистрибутивни фирми во Југоисточниот плански регион и пошироково државата.

- **ДПУТ „Амбалажа - Паралидов„ дооел с. Босилово**

Се занимава со обработка на трупци од бука,топола. При тоа како краен производ се добива дрвена амбалажа (гајби и палети) и брикети .

Производниот погон на АМБАЛАЖА ПАРАЛИДОВ ДООЕЛ е лоциран на излезот од населеното место Босилово бб. кон с.Турново.

3. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО

Во Општината најзастапена стопанска гранка е земјоделството, односно 75-80% од населението се занимава со земјоделство.

Табела бр.1 - Аграрна структура на земјиштето во општина Босилово.

	Населба	Надморска височина	Површина на атарот (км2)	Аграрна структура на атарот во хектари			
				Вкупна аграрна површина	Обработливо земјиште	Пасишта	Шуми
1.	Бориево	207	4,7	443	426	14	3
2.	Босилово	214	8,1	748	708	39	1
3.	Гечерлија	331	10,1	974	427	82	456
4.	Дрвош	360	22,9	2259	284	120	1855
5.	Еднокуќево	215	3,3	310	305	5	-
6.	Иловица	282	22,2	2133	685	113	1335
7.	Петралинци	220	3,4	330	314	16	0,8
8.	Радово	218	4,2	367	330	57	0,7
9.	Сарај	227	3,6	340	325	13	2
10.	Робово	215	3,4	315	309	6	-
11.	Секирник	216	8.8	789	688	101	-
12.	Ст.Балдовци	223	3,7	336	326	30	-
13.	Турново	210	5,5	503	468	35	-
14.	Хамзали	360	19,7	1907	479	1428	-
15.	Штука	300	16,4	1588	228	15	1355
16.	Моноспитово	208	9,5	774	752	22	
	ВКУПНО:		**149,5**	**14 136**	**7054**	**2086**	**4996**

Согласно **Пописот на земјоделие** утврдени се следниве податоци за општина Босилово.

Табела. 2 - Расположлива земјоделска површина

Број на индивидуални земјоделски стопанства	Вкупно расположива површина на земјиштето	Користено земјиште	
		вкупно	сопствено
3070	5198,24	5079,73	4317,40

Споредбено со податокот за вкупно обработливо земјиште во 1996 година, во однос на 2007 година, може да се забележи намалување на обработливата површина од 30%. Ова намалување се јавува како резултат на трансфер на работна сила од една стопанска гранка во друга, пренамена на земјиштето, од земјоделско во градежно, миграција и сл.

Табела 3. - Површина на користено земјоделско земјиште по категории (ха)

вкупно	Ораници,бавчи,градини	Ливади	Пасишта	Овоштарници	Лозја
5079,73	4698,41	182,19	33,55	40,06	125,52

Во категоријата ораници, бавчи и градини најзастапени се житните растенија- 2063,58 ха , а од што најголема површина отпаѓа на пченица 1011,00 ха и пченка 960,18 ха; од фуражните растенија (1033,86 ха) најзастапени се луцерката - 891,46 ха и детелината 89,44ха; од зеленчукот (1044,61ха) најзастапени се пиперките-367,53 ха, компирот 131,61 ха, зелката 87,70 ха, краставиците -90,23 ха, лубениците-196,84 ха .

Табела 4: Број на стебла и површина на овоштарници

Овошен насад	Број на стебла	Површина (ха)
јаболка	3551	5,8
Круши	1483	1,83
Сливи	4494	6,23
Череши	5488	5,23
Вишни	10897	9,90
Кајсии	695	1,27
Праски	5667	8,39
Ореви	133	0,59
Бадеми	39	0,08

Табела 5: Лозови насади

Вкупно лозови насади		Ински сорти		Трпезни сорти	
Бр. пенушки	Површина (ха)	Број	Површина (ха)	Број	Површина (ха)
448229	125,52	440979	122,97	7320	2,56

Табела 6: Индивидуални земјоделски стопанства според користено земјиште

Број на индивидуални земјоделски стопанства со:						
индустриски растенија	жита	Фуражни растенија	Зеленчук	Цвеќе, украсни растенија	Овошни насади	Лозови насади
1278	2718	2090	2345	745	213	661

Општо земено, земјоделското производство е во постојан подем во однос на неговото осовременување, особено кај раноградинарското производство. Инсталирани се модерни пластеници, водата за наводнување рационално се користи со примена на системот „капка по капка„ со што е овозможено квантитативно зголемување на обемот на производството, но сето тоа е проследено со зголемена употреба на вештачки ѓубрива и пестициди.

Иако не постои континуарано следење на употребата и на овие средства, може со сигурност да се констатира трендот на зголемување на користењето на истите во текот на последните пет години, пред сé поради интензивниот развој на земјоделското производство.

Табела 7: Површина третирана со ѓубрива и средства за заштита на растенијата

Површ. (ха) третирана со:		Површ. (ха) третирана со средства за заштита на растени.			
Минерални ѓубрива	Органски ѓубрива	Хербициди	Инсектициди	Фунгициди	Родентициди
2279,23	572,58	983,04	5219,28	353,36	6007,60

Сточарството има предиспозиции да се одвива на современ начин. Сепак се забележува тренд на негово намалување поради сложените економски услови во опкружувањето.

Табела 8: Грла/број:

	2001 година	2007 година
Коњи	1610	1740
Говеда	2482	5083
Овци	3006	4227
Кози	2120	3165
Свињи	2152	4361
Живина	8193	53730
Зајаци	2140	2687
Пчелни семејства	260	390

4. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Стратешкото планирање е системски начин на донесување на стратешки одлуки, утврдување на цели и стратегии и спроведување на активности кои го насочуваат органот кон посакуваната иднина. Тоа е процес кој бара континуирано следење на остварениот напредок во однос на поставените цели.

Всушност Стратешкото планирање е основно во процесот на одлучување за тоа каде институцијата- локалната самоуправа во овој случај сака да се најде себе си во иднина и како ќе стаса таму. Затоа Стратешкото планирање започнува со прашањето зошто? Стратешкото планирање е сериозна анализа на надворешните фактори кои влијаат на успехот и неуспехот на организацијата и нејзините активности и има за цел разрешување на проблемите на организацијата и јакнење на внатрешните тимови. Тоа придонесува во развојот на капацитетот на организацијата и во ефикасноста во постигање на поставените цели и задачи.

Стратешкиот план никогаш не смее да биде статичен и фиксен, туку треба да претставува процес кој е континуиран и максимално флексибилен.

Локалната самоуправа е главниот носител на економскиот развој на општината, или како локална власт, таа ги посочува економските потреби како што се стопанскиот развој, привлекувањена нови и зачувување на постојните бизниси, маркетинг, финансирање за бизнис и недвижен имот, даночни олеснувања за проширувања на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, односно локалниот економски развој претставува се она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

Локалната самоуправа е основна, но не и единствена институција за локален економски развој. Локалната власт има три клучни улоги во локалниот економски развој.

Првата улога е обезбедувач на услуги, односно таа обезбедува изнесување на сметки, обезбедување со вода, канализациони системи, патишта, паркирање, зеленило и слично.

Втората е да биде регулатор, односно да ги определува давачките за комуналии за градба, користење на тротоари, цени на вода, комунален ред и слично.

Третата улога е да биде катализатор, односно да биде иницијатор за анимирање на заедницата, за транаспарентност медијатор за непристрасен пристап помеѓу приватните и јавните интереси и слично. Клучни прашања во локалниот економски развој се создавање на нови стопански дејности, задржување и проширување на постоечките стопански дејности и привлекување на нови стопански инвестиции бидејќи бизнисот е главна движечка сила за развојот на општината, регионот и државата. Едно од најважните прашања на Општината која започнува со активноста за локален економски развој, што Општината може да направи, а што е надвор од нејзина контрола.

Процес на Стратешко планирање

Стратешкото планирање е процес. Тоа типично вклучува собирање на луѓе од сите делови на општеството за да дискутираат и изберат што е најдобро за долгорочните интереси на заедницата. Стратешкото планирање е продолжен процес кој и овозможува на општината да го одреди правецот и да осигура дека повеќе конкретни финансиски одлуки ќе бидат ускладени со желбите и копнежите на заедницата како целина и насочени кон конкретни цели и подцели. Стратешкото планирање обезбедува рамка која соединува серија од помали проекти, со цел да оствари поширoки цели.

Стратешко планирање за ЛЕР

Досегашната практика укажува на тоа дека ЛЕР секогаш треба да почне со формулирање на стратегија. Стратегијата за локалниот економски развој е почетна компонента на процесот на планирање на било која заедница и таа е комплетна тогаш кога потекнува и опфаќа поширок дел од заедницата. Временскиот хоризонт за ЛЕР стратегијата обично е пет години со пратечки краткорочни, среднорочни и долгорочни продукти.

Надлежности на општина Босилово за локален економски развој

Листата на надлежности од областа на локалниот економски развој за кои што е надлежна општината се регулирани во член 22 точка 3 од Законот за локалната самоуправа:

- планирање на локалниот економски развој;
- утврдување на развојните и на структурните приоритети;
- водење на локалната економска политика;
- поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и, во тој контекст, учество во воспоставувањето и во развојот на локалната мрежа на институции и агенции; и
- промовирање на партнерства.

Со оглед на тоа што постојат малку фокусирани истражувања и податоци кои се однесуваат конкретно на состојбите во општина Босилово , во оваа анализа се земени во предвид веќе постоечките податоци и истражувања на национални ниво кои се дополнети со сознанијата добиени од истражувањето спроведено за потребите за подготовка на оваа Стратегија.

5. SWOT Анализа на општина Босилово

SWOT - Анализата претставува анализа на внатрешните сили и слабости како и на надворешните можности и закани по процесите во општина Босилово. Називот е кратенка од англиските зборови: **strengths** (сили), **weaknesses** (слабости), **opportunities** (можности), и **threats** (закани).

SWOT – всушност, претставува анализа на внатрешните и надворешните фактори што влијаат врз функционирањето на Општината. Сите оние внатрешни фактори врз кои Општината има или може да има влијание спаѓаат во групата на сили или слабости, зависно од тоа дали влијаат позитивно или негативно врз функционирањето на Општината. Спротивно на тоа, сите надворешни фактори на кои општината нема или не може да влијае, спаѓаат во категоријата на можности или закани во зависност од тоа дали влијаат позитивно или негативно на функционирањето на Општината.

Во процесот на изработка на Стратегијата за ЛЕР за општина Босилово, изготвена е **SWOT** анализа за следниве области:

- Демографија;
- Социјална благосостојба;
- Инфраструктура;
- Локална самоуправа;
- Локална економија.

SWOT – АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ: ДЕМОГРАФИЈА

Сили	Слабости
1. Вкупно население од 11.508 жители, претставува значаен фактор за економскиот развој на општината;	1. Низок животен стандард на локалното население;
2. Постои добра сообраќајна поврзаност помеѓу населените места во општината;	2. Незадоволство од економскиот развој предизвикува миграција на младите луѓе во земјата и странство;
3. Хетероген состав на населението со релативно добри меѓучовечки и меѓунационални односи;	3. Мал број на високообразовен кадар;
4. Долгогодишна традиција со почитување на сите обичаи;	4. Ниска еколошка свест на локалното население;
5. Човечки ресурси – образовни лица од сите профили.	5. Намален наталитет во Општината;
	6.Постојат домаќинства во кои живеат две или повеќе семејства;
	7.Слаба едукација на населението од ромска и турска националност.
Можности	**Закани**
1. Нето стамбена површина во општина Босилово е 88 жители на км², што се смета за мала густина на населеност;	1. Општата економска состојба во државата влијание врз зголемување на иселувањето на населението;
2. Отварање на центри за квалификација, односно преткфалификација на работоспособното население;	2. Трансфер на работна сила од еден стопански сектор во друг;

3. Зголемување на бројот на лица со повисок степен на образование;	3. Зголемување на миграција – одлевање на стручен кадар.
4. Интерес за вршење на волонтерска работа.	

SWOT – АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ СОЦИЈАЛНА БЛАГОСОСТОЈБА

Сили	Слабости
1. Големи обработливи земјоделски површини;	1. Незаинтересираност на младите;
2. Инфраструктурни објекти (асфалтирани улици и патишта, училишта, амбуланти, Домови на културата);	2. Нефункционални и слабо искористени Домови на културата;
3. Културно-историски споменици, цркви,џамии;	3. Не постојат доволен број на спортски сали за развој на спортот и рекреацијата;
4. Компјутеризација на училиштата;	4. Не постојат пензионерски домови за грижа на стари и изнемоштени лица;
5. Развој на културата, театарот, фолклорот и уметноста преку културно-уметничките друштва.	5. Недостаток на програми за промоција на културните и традиционалните вредности
Можности	**Закани**
1. Изработка на проекти за добивање на домашни и странски инвестиции и донации;	1. Глобална економска криза и отпуштање од работа на голем број работници;
2. Користење на поволни кредити од банките;	2. Стагнација во намерите на странски и домашни инвеститори за инвестирање на капиталот.
3. Користење на разни бенефиции од државата особено од АВРМ;	
4. Средства за рурален и земјоделски развој од предпристапни фондови на ЕУ;	
5. Користење на можности за самовработување;	
6. Отварање на земјоделска агро-берза за брз пласман на земјоделските производи.	

SWOT – АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ ИНФРАСТРУКТУРА

Сили	Слабости
1. Асфалтирана сообраќајна мрежа помеѓу населбите во Општината;	1. Не постои фекална канализација со пречистителна станица во ниедно населено место во Општината;
2. Сообраќајна поврзаност со соседните општински центри;	2. Застарена водоводна мрежа во населеното место Иловица, Штука и Дрвош;

3. Урбанизација на Општината преку донесување на нов генерален урбанистички план и изработка на урбанистички планови за сите населени места;	3. Слабо развиена каналска мрежа за атмосферски води во одделни населени места;
4. Хидро-систем Турија за наводнување на земјоделските површини;	4. Неурбанизирани населби со немање на ДУП и појава на дивоградби;
5. Постоење на регионален водовод за водоснабдување на девет населени места во Општината;	5. Не постои пазар на големо и мало за продажба на земјоделски производи.
6. Добра сообраќајна поврзаност преку магистралниот пат А-4 со соседна Република Бугарија.	6. Не постои сточен пазар.
7. Развиена електро-енергетска и телекомуникациска структура;	
8. Постоење на вештачка акумулација Иловица и Чаушица за наводнување на земјоделски површини.	
Можности	**Закани**
1. Пристап до домашни и странски фондови за финансирање на објекти од инфраструктурата;	1. Недостиг на вода за пиење во доволни количини и со добар квалитет;
2. Изградба на поголеми индустриски капацитети;	2. Појава на нелегална градба;
3. Меѓуопштинска соработка во областа на стопанството и индустријата;	3. Загадување на почвата и подземните води.
4. Поволна географска местоположба;	
5. Богатство со природни ресурси (шуми, вода, руда, пасишта);	
6. Изградба на заобиколен магистрален пат во Општината;	
7. Постоење на техничка документација, елаборати и готови проекти од областа на инфраструктурата.	

SWOT – АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ ЛОКАЛНА ВЛАСТ

Сили	Слабости
1. Кадровски потенцијал и организациона структура на локалната самоуправа;	1. Слаба ангажираност на постоечките месни заедници во решавањето на локалните проблеми;
2. Зголемени ингеренции со Законот за децентрализација;	2. Непостоење на јавен медиум (весник, радио и сл.) на локално ниво;
3. Голем потенцијал на човечки ресурси;	3. Докрај неспроведена децентрализација;

4. Директни средби на градоначалникот со граѓаните, секој работен ден;	4. Мала вклученост на граѓаните во решавањето и надминувањето на одредени проблеми во заедницата.
5. Определеност за развој на Општината и зајакнување на нејзината улога;	
6. Постоечките невладини организации се вклучени во реализацијата на проекти и проектни активности;	
7. Постои Центар за услуги на граѓаните;	
8. Постоење на заедничка администрација со соседните општини Василево и Ново Село.	
Можности	**Закани**
1. Прекугарнична соработка и развој на алтернативни форми на туризам, промоција на културни и туристички ресурси, еко-туризам;	1. Постојана промена на законската регулатива;
2. Конкурирање пред ЕУ за користење на претпристапните фондови за реализација на одредени инфраструктурни проекти;	2. Неусогласеност и проблеми со Европската регулатива;
3. Соработка со невладиниот, научниот и бизнис-секторот;	3. Ограничена можност за учество во креирање на развојни политики на национално ниво.
4.Стручно оспособување на локалната администрација;	
5. Зајакнување на соработката со соседните единици на локална самоуправа за заедничко решавање на проблемите на регионално ниво.	

SWOT – АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА

Сили	Слабости
1. Големи обработливи земјоделски површини;	1. Одлив на стручни кадри во земјата и странство;
2. Развиена електро – енергетска и телекомуникциона мрежа, голема обработлива земјоделска површина;	2. Непостоење на гасоводен систем во регионот како алтернативен систем за енергија;
3. Поволни климатски услови за развој на земјоделското производство;	3. Не постои агро – берза за пласман на земјоделски производи;
4. Постоење на здруженија на земјоделски производители;	4. Не постои пазар на големо (кванташки пазар) на територијата на Општината;

5. Рудно богатство;	5. Слаб прилив на странски инвестиции;
6. Површини под шума и пасишта;	6. Непостоење на капацитети за преработка и конзервирање на земјоделски производи.
7. Развиена сообраќајна мрежа;	
8. Постои Студија за локален економски развој;	
9. Субвенционирање на земјоделското производство од страна на централната власт;	
Можности	**Закани**
1.Услови за кредитирање на мали и средни претпријатија;	1. Глобална светска криза и лоша економска состојба во државата;
2. Развој на селски и еко туризам;	2. Висока миграција - иселување;
3. Воведување на органско земјоделско производство;	
4. Продлабочување на прекуграничната соработка и искористување на искуствата од Република Бугарија и Република Грција како членки на ЕУ;	
5. Одредување на површини за индустриски зони и развој на занаетчиството;	
6. Пренамена на постоечки индустриски капацитети.	

6. Стратешки цели за 2022-2027 година

За да се достигне посакуваната состојба преточена во визијата на оваа Стратегија, потребно е да се исполнат неколку стратешки цели.

Политика на Општина Босилово кон прашањата од областа на локалниот економски развој треба да биде високо на листата на свои приоритети. При тоа, таа треба и натаму да е партиципативна, проактивна и визионерска.

Општина Босилово има за цел да ги исполни следните стратешките цели:

Стратешка цел 1 – Развивање и осовременување на инфраструктурата во општина Босилово

Стратешка цел 2 – Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во општина Босилово

Стратешка цел 3 – Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја

Стратешка цел 4 – Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали

Стратешка Цел 1: Развивање и осовременување на инфраструктурата во општина Босилово		
Приоритет 1.1.: Унапредување на просторното и урбанистичкото планирање	***Приоритет 1.2.:*** Осовременување на сообраќајно-транспортна инфраструктура	***Приоритет 1.3.:*** Подобрување на комуналната и енергетската инфраструктура
Мерки:	**Мерки:**	**Мерки:**
1.1.1. Унапредување на просторното планирање	1.2.1. Осовременување на постоечката и изградба на нова локална, регионална и магистрална патна инфраструктура	1.3.1. Подобрување на постоечките и изградба на нови водоснабдителни системи
1.1.2. Измена и дополнување на веќе постоечките и изработка на нови урбанистички планови	1.2.2. Подобрување на постоечката и поставување нова хоризонтална и вертикална сигнализација	1.3.2. Изградба на нови системи за собирање и третман на отпадни води
1.1.3. Изработка на технички документации за локални и регионални инфраструктурни проекти	1.2.3. Подобрување на безбедноста на патиштата и заштита на пешаците и другите ранливи категории како учесници во сообраќајот	1.3.3. Подобрување на постоечките и изградба на нови системи за наводнување
1.1.4. Воведување и изработка на подземни катастри за постоечка патна инфраструктура, комунална инфраструктура и енергетска инфраструктура	1.2.4. Ревитализација на полските патишта и подобрување на пристапот до земјоделските површини	1.3.4. Промовирање на ЈПП за искористување на хидро-енергетскиот потенцијал

Стратешка Цел 2: Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во општина Босилово				
Приоритет 2.1.: Создавање работна сила според потребите на пазарот на труд	***Приоритет 2.2.:*** Социјална инклузија на ранливите категории	***Приоритет 2.3.:*** Подобрување и модернизирање на веќе постоечка и изградба на нова образовна и социјална инфраструктура	***Приоритет 2.4.:*** Зајакнување на капацитетите за социјално заштитни активности	***Приоритет 2.5.:*** Подобрување на здравствената состојба на населението
Мерки:	**Мерки:**	**Мерки:**	**Мерки:**	**Мерки:**
2.1.1. Утврдување на потребите на деловните субјекти за работна сила	2.2.1. Организирање на социјални содржини за стари лица	2.3.1. Подобрување и модернизација на веќе посточката училишна инфраструктура и изградба на нова	2.4.1. Формирање на мобилни сервис служби	2.5.1. Опремување на објекти за примарна здравствена заштита
2.1.2. Промоција на средно стручно образование и континуирано образование на возрасни	2.2.2. Вклучување на ранливите категории на пазарот на труд и поттикнување на социјално претприемништво	2.3.2. Воведување на дигитални технологии и алатки во образованието и социјалните услуги	2.4.2. Обезбедување на услуги за помош и нега на стари лица, лица со попреченост и грижа за деца со посебни потреби	2.5.2. Унапредување на примарната здравствена заштита
2.1.3. Практична работа и вклучување на учениците во граѓанскиот и бизнис секторот	2.2.3. Социјална инклузија на семејства корисници на социјална помош	2.3.3. Реконструкција, модернизација и изградба на инфраструктура и отворање на нови капацитети за згрижување	2.4.3. Развивање и јакнење на вонинституционалните форми на грижа за ранливите категории	2.5.3. Подобрување на здравствената заштита на ранливите категории

		на деца на предучилишна возраст		
2.1.4. Зајакнување на капацитетите во општините за развој на образованието	2.2.4. Подигнување на свеста за прифаќање и вклучување на маргинализираните групи	2.3.4. Изградба на капацитети за згрижување на деца со посебни потреби	2.4.4. Формирање на совет за социјална заштита	2.5.4. Здравствени придобивки преку спортски активности
2.1.5. Воспоставување на економско-социјални совети во општината		2.3.5. Изградба на капацитети за згрижување на стари и изнемоштени лица	2.4.5. Подготовка на општински социјален план	2.5.5. Заштита на населението од штетници и инсекти
		2.3.6. Подобрување на пристапноста до јавните објекти и јавниот транспорт за лица со попреченост во развојот	2.4.6. Зајакнување на човечките капацитети за обезбедување на социјални услуги	2.5.6. Згрижување на кучиња скитници
		2.3.7. Формирање на дневни центри за ранливите категории		

Стратешка Цел 3.: Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја

Приоритет 3.4.: Модернизација и подобрување на конкурентноста на одржливото земјоделско производство и преработувачката индустрија	***Приоритет 3.2.:*** Диверзификција на економските активности	***Приоритет 3.3.:*** Развивање на современа и функционална инфраструктура во селата,
Мерки:	**Мерки:**	**Мерки:**
3.1.1. Техничко – технолошки развој и поддршка за воведување на иновативни практики за одржливо земјоделско производство	3.2.1. Воспоставување на програми за финансиска и нефинансиска поддршка на деловните субјекти и самовработување во руралната економија	3.3.1. Осовременување на сообраќајната инфраструктура во селата
3.1.2. Промоција и брендирање на земјоделските производи и преработки	3.2.2. Стимулирање на иновативноста во руралната економија	3.3.2. Подобрување на комуналната инфраструктура во селата
3.1.3. Стандардизација на земјоделското производство и преработките на храна	3.2.3. Поттикнување на развојот на руралниот туризам	3.3.3. Поддршка за обнова и развој на селата
3.1.4. Поттикнување на инвестициите во земјоделското производство и преработките на храна	3.2.4. Стимулирање на здружувањето во задруги и кооперативи	3.3.4. Подготовка на студии за развој на подрачјата со значителна депопулација
3.1.5. Унапредување на знаењето и севкупниот човечки капитал во земјоделството	3.2.5. Поттикнување на преработувачки капацитети на мали и средни селски стопанства чии сопственици се млади и жени	
3.1.6. Зајакнување на капацитетите за искористување на ИПАРД и националната програма за поддршка на земјоделството и рурален развој	3.2.6. Поттикнување на заштитата и управување со традиционалните, културните иприродните вредности во руралните подрачја	
	3.2.7. Зајакнување на капацитетите и вмрежување на ЛАГ-овите (локални еколошки акциони групи)	

Стратешка Цел 4.: Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали			
Приоритет 4.1.: Оддржливо управување со животната средина и справување со климатските промени	***Приоритет 4.2.:*** Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја	***Приоритет 4.3.:*** Промовирање на циркуларна и зелена економија	***Приоритет 4.4.:*** Управување и заштита со водните ресурси
Мерки:	**Мерки:**	**Мерки:**	**Мерки:**
4.1.1 Намалување на загадувањето на воздухот	4.2.1. Рехабилитација на деградирано земјиште на територијата на општината	4.3.1. Воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со отпадот	4.4.1. Рационално користење на водата за пиење
4.1.2. Зајакнување на капацитетите за одржливо управување со животната средина	4.2.2. Заштита на флора, фауна и водните живеалишта	4.3.2. Подобрување на услугата за редовно собирање на отпадот во населените места	4.4.2. Рационално користење на водата за наводнување
4.1.3. Ублажување на ефектите од климатските промени со посебен фокус на земјоделството	4.2.3. Заштита и обновување на шумите	4.3.3. Санација и уредување на нестандардни и диви депонии	4.4.3. Регулација и управување со речни текови спгласно локалната надлежност
4.1.4. Намалување на загадувањето на почвата	4.2.4. Зајакнување на капацитетите за заштита на биодиверзитетот	4.3.4. Селекција на отпадот	4.4.4. Воспоставување на систем на заштита и управување со подземните води
		4.3.5. Изработка на техничка документација и изведба/изградба на системи за производство на електрична енергија од обновливи извори(сонце, ветер, биомаса)	
		4.3.6. Промовирање и инвестирање во енергетска ефикасност на јавните објекти	